Октомври 2013 Бр.144

# FOREVER
MACEDONIA














# ЛОНДОН ВЕ ВИКА

**ДОПОЛНИТЕЛНА МОЖНОСТ ЗА СИТЕ ОД ЕВРОПА: 1 СЕПТЕМВРИ – 31 ДЕКЕМВРИ 2013 Г.**

Заработете до €800 за патувањето до Лондон

## ПРВО НИВО

**Реализирајте вкупно 15 б. од нов бизнис (без вашите лични бодови)**

**+ 2 влезници за Глобално рели на О2 арена**

## ВТОРО НИВО

**Реализирајте вкупно 30 б. од нов бизнис (без вашите лични бодови)**

€400

**+ 2 влезници за Глобално рели на О2 арена**

Вие (активен)

Асистент Супервизор Мин. 5 б. | Асистент Супервизор Мин. 5 б.

## ТРЕТО НИВО

**Реализирајте вкупно 60 б. од нов бизнис (без вашите лични бодови)**

€800

**+ 2 влезници за Глобално рели на О2 арена**

Вие (активен)

Асистент Супервизор Мин. 10 б. | Асистент Супервизор Мин. 10 б.

**Стандардни барања за сите нивоа:**
Сите барања треба да бидат исполнети во период од 1-ви септември до 31-ви декември 2013 г. Дистрибутерите кои се регистрирани пред почетокот на квалификацијата, треба да бидат активни со 4 б. во секој од четирите месеци на квалификацијата. Нови дистрибутери можат да се квалификуваат, но треба да бидат активни во првиот полн месец на квалификацијата и во секој следен до крај на периодот. Ако новиот дистрибутер е регистриран во декември, тогаш тој треба да биде активен со 4 б. во тој месец. За дата на регистрација на дистрибутерот се смета датата на која молбата за регистрација ќе биде воведена во компјутерот на Централната канцеларија. За второ и трето ниво новоспонзорираните дистрибутери треба да реализираат минимален обрт, како што е опишано во шемите погоре. Квалификацијата е валидна само за дистрибутери во Европа. Сите екипи треба да бидат спонзорирани во земјата на живеење. Сите трошоци поврзани со посета на Глобалното рели, вклучително патни, храна и сместување се на терет на квалификантот. ФЛП не превзема одговорност за дистрибутери кои не се запознати или не ги разбрале правилата и барањата на квалификационата програма. Нема да бидат допуштени исклучоци. Наградите го вклучуваат единствено опишаното погоре. Тие кои ќе ги исполнат условите ќе бидат наградени само со посочените парични суми и влезниците за Глобалното рели, соодветни на постигнатото ниво на квалификација. Наградите не можат да бидат комбинирани. Квалификантите ќе бидат објавени пред 15 февруари 2014 г. Паричните суми ќе бидат исплатени на 15 март 2014 г. во денарска противвредност на посочените суми. За повеќе информации и прашања обратете се на Ген. директор на ФЛП Бугарија/Македонија. Наградите не може да бидат заменети.

**www.foreverglobalrally.com**
**Глобално рели на О2 арена – 2 и 3 мај 2014 г.**

FOREVER

# НАШЕТО ФОРЕВЕР ПАТЕШЕСТВИЕ

Претседател и главен генерален директор на ФЛП
**Рекс Моган**



Секој ден слушам како Форевер влијаел на нечиј личен животен пат и се насмевнувам. Една од причините ФЛП да го промени животот на толку многу луѓе се должи на тоа што тие се чувствуваат како дел од нашето неверојатно семејство и се инспирираат од патешествието на компанијата. Кога пријателите ќе слушнат дека сте биле на Глобално рели на Хаваите или колку сте воодушевени од претстојното патување до езерото Тахо, сигурно ќе пројават интерес кон вашиот бизнис. Со развојот на вашата група, започнувате да се радувате на можности за патување по светот, на финансиска слобода, на флексибилно работно време. И додека се стремите кон определена цел – ниво во маркетинг планот или квалификација за програма за стимулирање, не заборавајте дека вашето патешествие како дел од семејството на Форевер е драгоцено само по себе.

Едни од најубавите изненадувања на работата како дистрибутер се вештините кои човек ги стекнува по патот нагоре. Кога комуницирам со некои од нашите водечки Менаџери „Скапоцени камења", чувствувам со колку ентузијазам говорат за бизнисот. Ако сакаме успешно да ги применуваме четирите основни фактори за раст – спонзорирање, упорност, продуктивност и развој, треба да владееме специфични техники за комуникација. Разговарајќи со најразлични луѓе со хетерогено потекло и животно искуство, ние учиме да приоѓаме флексибилно кон секого и да сме толерантни. Ви гарантирам дека ако ги прашате спонзорите, тие ќе потврдат дека благодарение на работата како дистрибутери имаат развиено вештини за комуникација, си го подобриле својот живот и односите со луѓето.

Секој од нас го започнал патешествието со големи надежи за успех. Кога се собираме заедно и разменуваме насмевки, сфаќаме дека сите до еден сме дел од глобалното семејство на Форевер. Зошто се смееме? Бидејќи се забавуваме! Среќаваме други луѓе како нас – доволно смели да ја искористат најдобрата бизнис можност на светот. На патот се запознаваме со многу интересни луѓе, ги споделуваме знаењата и создаваме нови пријателства. Без претерување, јас чувствувам дека имам роднини во повеќе од 150 држави во целиот свет!

Додека одите по патот кон успехот со Форевер, ви препорачувам да ги искористите предностите на еден одличен нов инструмент, кој го нудиме на нашиот сајт www.DiscoverForever.com – нашето **„Патешествие"**. Досега само избрани водечки дистрибутери имаа можност да ги разгледаат нашите фабрики и плантажи од светска класа. Денес и вие можете да се прошетате низ централната канцеларија и да ги видите насадите со алое вера – од личниот компјутер, без да го напуштате домот! Но најубавото е, дека со помошта на ова онлајн „патешествие" можете уште поефективно да го споделувате ентузијазмот од Форевер со соработниците од екипата или пак со луѓе, кои сега ги воведувате во бизнисот. Ќе ги најдете интервјуата со раководната екипа на ФЛП, со локални земјоделци од Доминиканската Република, со луѓето кои гарантираат дека квалитетот на нашите производи е ненадминат. Интернет страницата „Патешествие" ви овозможува да ѕирнете зад кулисите на нашата вертикално интегрирана компанија и така ви помага поубедливо да раскажувате за бизнисот.

За нас е голема чест, што и вие сте дел од нашето патешествие во изминатите 35 години. Заедно продолжуваме напред и граници нема. Ви се нуди можност да постигнете совршенство – не само благодарение на наградите од маркетинг планот, но и преку вештините за комуникација кои ќе ги стекнете. Способностите за раководење и комуникација ќе ви служат добро по патот, без оглед какво ниво ќе постигнете. И додека се движите напред, не заборавајте дека сте неразделен дел од нашето глобално семејство и дека лично ве поканувам да го искористите нашето виртуелно патешествие во вебсајтот www.DiscoverForever.com. Како што кажал еден мудрец: *„Душата на секое патешествие е слободата – совршената слобода да мислиш, чувствуваш и правиш само тоа што сакаш."* Ајде и во семејството на Форевер заедно и со насмевка да се радуваме на слобода и здравје во нашето идно патешествие!

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan

# ПРИНЦИПОТ НА УМНОЖУВАЊЕТО



Драги пријатели,

Сите знаеме дека клучот кон финансиската независност е излегувањето од магичниот круг на замена на време за пари. Што значи таа замена? Да добиваме финансиска награда за определен број часови и определена работа. Или попросто кажано, работите пет часа – ви се плаќа за пет часа. Работите 10 часа – ви се плаќа за 10. Тој начин за заработка во секој случај е подобар од никаков, но секому е јасно дека размената на време за пари не може никого да го направи финансиски независен, зошто времето и енергијата на индивидуата се ограничени. За да ги исполни човек своите мечти,потребно е не само доволно да заработува, туку и да му останува слободно време, кога ќе ужива во сѐ што може да си дозволи. Тука ќе цитираме еден наш познат, според кого стилот на живот на човекот го одредуваат два фактора – количеството слободно време и неговиот квалитет. А во повеќето случаи за квалитетот се потребни финансиски средства.

За да можеме да уживаме во доволно и квалитетно слободно време, треба да најдеме начин за заработување пари, при кој ќе сме си сами шефови и да имаме докажан систем, при кој наградувањето нема да ни се определува само од личниот труд. Еден таков систем е маркетинг планот на Форевер Ливинг Продактс. Во неговата основа е принципот на умножувањето. Преку спонзорирање и обучување на други да го прават истото како нас, нашиот потенцијал за промет и заработка многукратно се зголемува. Ете зошто клучот за успешен бизнис со Форевер е да ја користиме силата на умножувањето и да научиме добро да ја употребуваме.

Да се удвојуваме или дуплираме себе,значи ефективно да обучуваме други луѓе да работат по утврдениот и докажан систем на ФЛП. Наместо тоа да го прават, мнозина неискусни дистрибутери премногу долго прават претерано многу нешта за своите соработници. Да, обуката и поткрепата се задолжителни, но од даден момент натаму треба да дадеме можност на секого да се развива сам. Откако ќе ги пренесе основните вештини за градење на бизнисот, ефективниот спонзор се повлекува и им дозволува на дистрибутерите да израснат, без да престане да одржува контакт со нив и да ги насочува.

Ако сте се фокусирале кон ниво Менаџер, чисто практично би ве посоветувале на прво место да си поставите за цел да развиете најмалку три одделни, солидни Супервизорски екипи во вашата група. Кога секоја од нив ќе започне да реализира месечен промет од 30 бода, вие ќе станете Менаџер. Тоа може да се постигне ако во групата на секој од трите Супервизори има најмалку по седум дистрибутери и секој реализира по четири бода месечно. Не звучи недостижно, зарем не? Дури веќе и да сте на ниво Менаџер, но ви недостига оваа стабилна основа, изградете ја. Таа ќе ви отвори врата кон огромните можности – Лидерски бонуси, бонуси „Скапоцени камења", титулата „Орел", нова кола, патувања по цел свет и многу други.

За да ја направите оваа одржлива основа, треба да ги определите своите три потенцијални Супервизори помеѓу лично спонзорираните дистрибутери. Ако сметате дека никој од постоечката група нема потенцијал за растење, ќе треба да откриете и спонзорирате нови луѓе со соодветните амбиции. Штом ќе дефинирате кои ќе бидат вашите три Супервизори, следува да се сретнете со нив и да ја споделите својата цел. Кажете им дека според вас имаат потенцијал да се претворат во независни бизнис лидери и прашајте ги дали би се ангажирале да ги изградат мрежите до ниво Супервизор. Уверете ги дека им стоите на располагање со обуки, наградување и мотивација, но и дека очекувате од нив да имаат целосна одговорност за развојот на нивниот бизнис. Ако се убедите во нивниот ангажман, започнете да им ги предавате потребните знаења и вештини. Фирмата има подготвено различни обуки, кои ќе ви помогнат – од информација за производите, до обуки како да спонзорирате и да се справувате со приговори. Придружувајте ги дистрибутерите во нивните први презентации за производи и бизнис презентации, за да им помогнете и покажете како да ги одржуваат. По неколку презентации со ваша помош, тие треба да имаат развиено доволно вештини за сами да продолжат понатаму.

И последно, но не по важност – следете и анализирајте го напредокот на потенцијалните Супервизори. Контактирајте со нив најчесто што можете, насочувајте ги и споделувајте со нив идеи кои можат да го помогнат нивниот развој. Вкупниот обем ќе започне да расте неверојатно брзо, ако одржувате редовен контакт со нив и ги инспирирате!

Ако го следите овој докажан модел и ги обучувате идните лидери во групата да го прават истото, вие не само што ќе се издигнете до ниво Менаџер и погоре, туку и ќе се умножите себе си многукратно. Само така целосно ќе може да ги искористите предностите на дарежливиот мрежен маркетинг изразени во неограничени пасивни доходи и слободно време, и во истите да уживате!

Засекогаш Ваши и...
насмевнати ☺,
Стефан и Тања Стаеви

# Aloe Hand & Face Soap



Кои се вашите утрински навики? Можеби денот го започнувате со кафе и со цигара? ПОГРЕШНО! Дајте им предност на здравите навики. Започнете го денот со насмевка, алое гел или чај, а потоа со утринските навики кои следат.

Како сакате да се чувствува вашата кожа во текот на денот? Многу од нас превземаат дополнителни мерки за кожата да изгледа здрава и свежа во текот на целиот ден. Потребно е да направите правилен избор на најдоброто средство за чистење или сапун и тоа дефинитивно треба да ви биде приоритет. Во ова модерно и брзо темпо на живеење, често се прашуваме дали да се користи тврд или течен сапун за миење на лицето. И двете можат да бидат добри или не толку добри,во зависност од состојките кои тие ги содржат!

**Алое течниот сапун** е одлично средство за чистење на лице и раце, како и за капење на бебиња и деца. Овој нежен, густ течен сапун дава бисерна блескавост и хидратација.

Негова главна состојка е стабилизираниот алое гел, во кој има додадено комбинација од природни состојки.




Неверојатните бенефиции од алоето врз кожата се добро познати факти. Алоето е прекрасен агент за чистење и детоксицирање кој помага во отстранувањето на мртвите клетки и нечистотијата додека ги дезинфицира порите. Исто така помага во хидратацијата и ја смирува кожата.

Течниот сапун е благ и pH - неутрален, што го прави корисен и за оние кои имаат кожни заболувања, како псоријаза и егзема.

Алое течниот сапун е еден од најдобрите производи за вашата кожа со кој ќе го започнете и завршите денот!










# Forever Aloe2Go
## Џебно алое

### ОПИС И СВОЈСТВА

Вие ги сакате полезните својства на гелот од алое вера. Го сакате и слаткиот, хранлив вкус и анти-оксидантната сила на Pomesteen Power, кој содржи калинка, круша, мангостан, малина, капина, боровинка и екстракт од гроздово семе. Форевер Ливинг го искористи најдоброто од двата пијалока и ги искомбинира во една пакoвка која е удобна за носење. Можете да ја испиете еднократната доза “Џебно алое” во секое време и на секое место-на работа, во колата или дури и на планина. Едноставно извадете ја меката пакoвка од вашиот џеб, скинете го горниот дел и испијте ја вкусната и корисна комбинација од алое и најдобрите овошни антиоксиданти. “Џебното алое” ви нуди вкусен прилив на енергија и го поткрепува вашето тело со сложени јаглехидрати. Комбинацијата од освежувачкиот сладок вкус на мангостанот (наречен “кралица на овошјето”, поради из-вонредниот вкус) и алое вера гел, претставува најдобар антиоксидантен коктел. Вашиот имунолошки систем ќе биде во одлична форма и вие ќе знаете зошто! Калинката содржи повеќе антиоксиданти отколку си-ните боровинки, зелениот чај или виното. Мангостанот е овош-је со најголема содржина на ксан-тени, кои според некои истра-жување имаат подобро влијание врз имунитетот отколку вита-мините Ц и Е. Гелот од алое вера по природен пат го јакне имунитетот благодарение на ви-соката содржина на полисаха-риди и други природни имуно-стимулатори. Имајќи ги во пре-двид овие резултати заедно со одличниот вкус и удобната опаковка за носење, ние сме сигурни дека секогаш ќе го имате при рака “Џебното алое”.

### СОСТАВ

Патентирана формула: стабили-зиран гел од алое вера, овошен сок од калинка, сок од круша, сок од мангостан. (Garcinia mangostana L.), сок од малина, сок од капина, сок од сина боровинка и екстракт од семе од грозје.

### ПРЕПОРАКА ЗА ДОЗИРАЊЕ

Протресете добро пред употреба и засечете на означеното место. Една пакoвка се пие одеднаш или на два пати во текот на денот, најдобро пред јадење. Ако не ја испиете целата содржина на пакoвката, остатокот чувајте го во фрижидер. За оптимални резултати конзумирјте до 24 часа по отворањето. Не го употребувајте производот доколку пакoвката е оштетена.

### ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Сите корисни состојки на гелот од алое вера и течниот антиоксидант Forever Pomesteen Power.
- Одличен вкус во практично пакување.
- Најдобриот антиоксидантен коктел!






# SUCCESS DAY Скопје 28.09.2013














































FOREVER




## НОВО!!!НОВО!!!НОВО!!!

**ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА И НА ТЕРИТОРИЈА НА СКОПЈЕ (ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ) ЗА САМО 100 ДЕНАРИ !**

## НОВО!!!НОВО!!!НОВО!!!

**ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА**

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.

Трошоци за достава се следни:

- До 5 кг плаќате 210 ден за услугата достава до вашиот дом.
- Над 5 кг плаќате 260 ден за услугата достава до вашиот дом.

## Квалификации за септември 2013

### ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Славица Донакова
2. Др.Роза Гелевска
3. Слаѓана Маџова
4. Николина Ѓорѓиева
5. Жарко Георгиевски
6. Вера Златковска
7. Габриела Петровиќ
8. Др.Снежана Контра
9. Слафко Михајловски
10. Стефан Савевски

### ТОП 10 - Вкупен обем

1. Славица Донакова
2. Др.Роза Гелевска
3. Слафко Михајловски
4. Блага Крстеска
5. Слаѓана Маџова
6. Др.Снежана Контра
7. Катерина Трајчевска
8. Вера Златковска
9. Жарко Георгиевски
10. Николина Ѓорѓиева


**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**

**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## Квалификации за септември 2013

### Асистент Супервизори

1. Бундалевски Игор – Њу Јорк
2. Др. Бујари Селмани – Куманово
3. Гаговиќ Тања и Милан-Скопје
4. Глигорова Татјана-Струмица
5. Ѓоргиевски Елена и Иле-Свети Николе
6. Димиќ Офелија и Предраг- Куманово
7. Димитровска Марија-Скопје
8. Дурмишева Мерсиха-Свети Николе
9. Еминова Џихане-Скопје
10. Зафировски Ѓорги-Куманово
11. Зашев Марјан-Кочани
12. Јакимовски Сашо и Костовска Јакимовска Данче-Скопје
13. Јовановиќ Дијана-Неготино
14. Јовановиќ Жарко и Илиева Јовановиќ Јасмина-Скопје
15. Јаневски Душица и Александар-Тетово
16. Коцевски Новица и Наташа-Тетово
17. Кузмановска Елена-Битола
18. Лазова Зорица и Роберт-Неготино
19. Линкова Марика-Охрид
20. Милевски Ирена и Марјан-Скопје
21. Митева Даниела-Струмица
22. Нацевска Анета-Скопје
23. Наумова Станка-Свети Николе
24. Николови Александра и Никола-Штип
25. Пецов Љупчо-Неготино
26. Радошевиќ Снежа и Небојша-Куманово
27. Рифати Уриме и Агим-Охрид
28. Ристовски Анита и Зоран-Куманово
29. Станојковски Ленче и Бошко-Куманово
30. Стевановски Анкица и Љупчо-Битола
31. Стојменова Јованка-Кавадарци
32. Тодоровска Кармен-Крива Паланка
33. Тоневска Соња-Штип
34. Трајковски Маја и Бобан-Куманово

## *Маркетинг обука*

**20.10.2013, Штип**

*Сала во простории на **Канал 77- 11:00***

**Предавач-Стефан Стаев,**
**Country Manager**

**Почнувајќи од 1.09.2013, сé до исцрпување на количините, за секоја ваша порачка во вредност поголема од 4000 денари, добивате купон за Новогодишната лотарија. Наградите ќе бидат доделени на Новогодишниот SUCCESS DAY кој ќе се одржи во декември во Холидеј Ин. Само приложените купони во моментот на извлекувањето се наградни.**

